Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-373/5
17-03-2023 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за градежништво и трговија
ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО
Бр 03-143/01
20-03 2023 год
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22), Одлуката за дополнување на Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за градежништво и трговија ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци на локалитетот „Јаребички Камен" општина Кавадарци бр.41-863/5 од 1 февруари 2023 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.24/23) и членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Јаребички Камен" општина Кавадарци бр.24-5665/1 од 13.11.2014 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштвото за градежништво и трговија ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци**
**со адреса: 8-ми Септември бр.7 Кавадарци,**
**застапувано од лицето Никола Наумов**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден __________ 2023 година во Скопје, склучија:**

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МЕРМЕР НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ЈАРЕБИЧКИ КАМЕН" ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Јаребички Камен" општина Кавадарци бр.24-5665/1 од 13.11.2014 година и Анекс на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Јаребички Камен" општина Кавадарци бр.24-284/1 од 10.01.2018 година, во насловот и во точката 1 по зборот „Кавадарци" се додаваат зборовите „и општина Росоман".

## Член 2

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Јаребички Камен“ општина Кавадарци бр.24-5665/1 од 13.11.2014 година и Анекс на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Јаребички Камен“ општина Кавадарци бр.24-284/1 од 10.01.2018 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Јаребички Камен“ општина Кавадарци бр.24-5665/1 од 13.11.2014 година и Анекс на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Јаребички Камен“ општина Кавадарци бр.24-284/1 од 10.01.2018 година остануваат во сила, непроменети.

| | |
|---|---|
| За Концедентот | За Концесионер |
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | Друштвото за градежништво, |
| МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА | и трговија |
| Kreshnik Bekteshi | ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО |
| | Никола Наумов |

Изработил/Përpiloi: Кика Шпритова
Контролирал/Kontrolloi: m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ

# Топографска карта на концесиски простор

**1:25000**

**Локалитет:** Јаребички Камен - Росоман и - Кавадарци

**Минерална суровина:** Мермер

**Површина = 0.222178 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7573875 | 4589942 |
| 2 | 7574035 | 4589942 |
| 3 | 7574200 | 4589650 |
| 4 | 7574200 | 4588950 |
| 5 | 7574170 | 4588950 |
| 6 | 7573995 | 4589178 |
| 7 | 7573876 | 4589652 |